Уп. бр. 08- 49

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Фолксваген Фајненс Луксембург С.А. (Volkswagen Finance Luxemburg S.A.), со регистрирано седиште на 291, Рут д'Арлон Л – 1150, Луксембург, Луксембург, Мобилај Вижн Технолоџис Лтд. (Mobileye Vision Technologies Ltd.), со регистрирано седиште на Хар Хотцвим, улица Хартом 13, Поштенско сандаче 45157, Ерусалим, 9777513, Израел, и Чемпион Моторс Лтд. (ChampionMotorsLtd.), со регистрирано седиште на улица Лехи 9, Бнеи Брак 51100, Израел, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 23.05.2019 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на создавање на друштво за целосно функционално заедничко вложување (joint venture) кое ќе управува со услуга за повикување на возила врз основа на флота на електрични самоуправувачки возила во Израел, од страна на Фолксваген Фајненс Луксембург С.А. (Volkswagen Finance Luxemburg S.A.), со регистрирано седиште на 291, Рут д'Арлон Л – 1150, Луксембург, Луксембург, Мобилај Вижн Технолоџис Лтд. (Mobileye Vision Technologies Ltd.), со регистрирано седиште на Хар Хотцвим, улица Хартом 13, Поштенско сандаче 45157, Ерусалим, 9777513, Израел, и Чемпион Моторс Лтд. (ChampionMotorsLtd.), со регистрирано седиште на улица Лехи 9, Бнеи Брак 51100, Израел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 15.04.2019 година, а дополнето на 06.05.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од Фолксваген Фајненс Луксембург С.А. (Volkswagen Finance Luxemburg S.A.), со регистрирано седиште на 291, Рут д'Арлон Л – 1150, Луксембург, Луксембург, Мобилај Вижн Технолоџис Лтд. (Mobileye Vision Technologies Ltd.), со регистрирано седиште на Хар Хотцвим, улица Хартом 13, Поштенско сандаче 45157, Ерусалим, 9777513, Израел, и Чемпион Моторс Лтд. (ChampionMotorsLtd.), со регистрирано седиште на улица Лехи 9, Бнеи Брак 51100, Израел (подносители на известувањето), која се однесува на создавање целосно функционално заедничко вложување, кое ќе управува со услуга за повикување на возила (анг. *ride hailing*) врз основа на флота на електрични самоуправувачки возила во Израел во смисла на член 12 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата. Уделите во друштвото за заедничко вложување ќе бидат поседувани од секој од подносителите на известувањето во еднаков сооднос (33,33% секој) и оттука подносителите ќе вршат заедничка контрола над друштвото за заедничко вложување.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Фолксваген Фајненс Луксембург С.А., Луксембург** е зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген АГ (VolkswagenAG). Фолксваген АГ е владејачко друштво на Фолксваген Груп (VolkswagenGroup). Фолксваген Групата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, камп-возила, шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема за сите наведени категории на возила. Фолксваген Групата исто така е ангажирана со дистрибуција на возила. Фолксваген Групата ги опфаќа брендовите на возила Volkswagen Passenger Cars, Volkswagen Light Commercial, Porsche, Audi, Škoda, Bentley, Bugatti, Lamborghini, SEAT, MAN, Scania и Ducati. Од неодамна, исто така го има основано брендот MOIA, кој е активен со развој и маркетинг на решенија на услуги за мобилност, како што се повикување на возило (*ridehailing*) и споделување на возило (*carsharing*).
Групацијата Фолксваген има четири регистрирани субјекти во Република Северна Македонија и тоа:

- Порше Лизинг д.о.о.е.л. Скопје, со седиште на Босна и Херцеговина бр. 3 Скопје – Бутел, Република Северна Македонија, со регистрирана основна дејност: финансиски лизинг;
- Порше Македонија д.о.о.е.л. Скопје, со седиште на Босна и Херцеговина бр. 4 Скопје – Бутел, Република Северна Македонија, со регистрирана основна дејност: трговија со автомобили и моторни возила од лесна категрија;
- Порше Брокер А.Д. Скопје, со седиште на Босна и Херцеговина бр. 3 Скопје – Бутел, Република Северна Македонија, со регистрирана основна

дејност: дејност на застапници во осигурување и осигурителни посредници и

- Сканиа Македонија д.о.о.е.л. Илинден, со седиште на улица 34 бр. 7 Илинден, Република Северна Македонија, со регистрирана основна дејност: трговија со останати моторни возила.

**Мобилај Вижн Технолоџис Лтд. Израел** е активен со развој на компјутерски вид (анг. *computervision*) и машинско учење (анг. *machinelearning*), анализа на податоци, локализација и мапирање за напредни системи за асистенција на возачи и автономно возење. Мобилај Вижн Технолоџис Лтд. е зависно друштво во целосна сопственост на Интел Корпорејшн (Intel Corporation).

**Чемпион Моторс Лтд**. е директен увозник и дистрибутер во Израел на брендовите Volkswagen, Skoda, Audi и Seat. Чемпион Моторс Лтд. е зависно друштво во целосна сопственост на Елајд Холдингс Лтд. (Allied Holdings Ltd.), кое е холдинг друштво од Израел активно во индустриите поврзани со електроника, инфраструктура и возила. Allied Holdings Ltd не е воопшто присутен во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**